ОДУ.бр.645/21

Република Северна Македонија

**Н О Т А Р**

**НАДА ПАЛИЌ**

ул."Пролет" број 35А Скопје

2021.11.19

# НОТАРСКИ АКТ

## З а п и с н и к

од Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Република Северна Македонија
НОТАР
НАДА ПАЛИЌ
на подрачјето на основните
судови на град Скопје
ул."Пролет"број 35А Скопје
2021.11.19
13:00(тринаесет)часот

ОДУ.бр.645/21

ИЗВОД

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаидваесетипрва година, месец ноември, ден деветнаесети, врз основа на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 0201/10398-1 од 26.10.2021 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, закажано за ден 19.11.2021 (ден деветнаесети, месец ноември, двеилјадитаидваесетипрва) година, со почеток во 13:00 (тринаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Собрание на акционери, го сочинив следниот---------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

## ---------------------------------------ЗАПИСНИК---------------------------------------

## -----------------------од Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје -----------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:---------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје е запишано единствениот трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Северна Македонија - Ско видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар Република Северна Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 08 50/150020210459736 од 19.11.2021 година.---------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 19.11.2021 година – 08:14:42 ча од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје /електронски издаден документ/, која се под ISIN MKTNBA101019, која е прилог на овој записник, утврдив дека издавачот НЛБ Банка АД С издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на 854.061 (осумстотинипедесетичетириилјадиишеесетиеден), со вкупен номинален капитал од 854.061.00 МКД (осумстотинипедесетичетиримилиониишеесетиеднаилјададенари), број на гласови 854.061 стотинипедесетичетириилјадиишеесетиеден), состојба-Активен, број на иматели 960 (деветстотинише број на сопственички позиции 965 (деветстотинишеесетипет).----------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и п лица.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а со Одлука за свикување на Собрание на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собр донесена од Надзорниот одбор на Банката, заведена под број 0203-309 од 18.10.2021 година, која е на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва, со Јавен по дневен весник "Нова Македонија" од 19.10.2021 (ден деветнаесети, месец октомври, двеилјадитаидв прва) година, во кој е објавено дека Собранието на акционери ќе се одржи на ден 19.11.2021 год почеток во 13:00 часот, во просториите на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скоп насока на почитување на мерките за спречување на ширењето на COVID-19, НЛБ Банка АД препорачува акционерите правото на гласање на Собранието на Банката да го остварат со писмена--

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

коресподенција (гласање со коресподенција), со цел да се обезбеди успешно одржување на закажаното Собрание, а во кој е објавен дневниот ред на Собранието на акционери, кој е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва.------------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска - претседавач на претходната седница на собрание на акционери констатира дека предлогот на Дневниот ред на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје уредно е објавен во Јавниот повик во дневниот весник "Нова Македонија" од 19.10.2021 година, како и дека материјалите од ова Собрание согласно јавниот повик за свикување на Собрание на акционери беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Секторот за правни работи и секретаријат, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД Скопје www.nlb.mk. -------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 13:10 часот (тринаесетчасотидесетминути) и ја отвори акционерот Донка Марковска - Претседавач на претходната седница, која најпрвин го поздрави присутните акционери и констатира дека во законскиот рок е објавен јавниот повик за свикување на Собрание на акционери, а врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што се верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник,така што од вкупниот број 853.245 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **744.535 акции со право на глас** што претставува **87,3 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, согласно акционерската книга која е издадена 24 часа пред одржувањето на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Известување за учество на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, 19.11.2021 од доминантниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана за неговото присуство преку полномошник од 09.11.2021 година, врз основа на Полномошно дадено од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана од 10.11.2021 година, заверено од Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ.6693/2021 од 10.11.2021 година.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска - претседавач на претходната седница на собрание на акционери истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ги завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката.-----------------

Акционерот Донка Марковска - претседавач на претходната седница на собрание на акционери истакна дека предлогот на дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешното Собрание на акционери се предлага следниот:-------------------------------------------------------------------------------

## ДНЕВЕН РЕД

**1.Избор** на претседавач на Собранието; ---------------------------------------------------------------

**2.Избор** на записничар и на бројач на гласови на Собранието; ----------------------------------------

**3.Предлог – одлука** за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година и ... година.------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.Предлог – одлука** за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска - претседавач на претходната седница на собрание на акционери исто така констатира дека до денешниот ден нема акционери кои го оствариле правото на глас преку писмена коресподенција, согласно член 400-а од Законот за трговските друштва и јавниот повик.-----------------------

Се премина на точка 1 од Дневниот ред **Избор на Претседавач на Собранието**.-----------------------

Акционерот Донка Марковска - Претседавач на претходната седница на собрание на акционери истакна дека согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание, со оглед на тоа што нејзиниот мандат истекува со изборот на претседавач на оваа седница на Собранието, а согласно законските прописи претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор, па Предлог-Одлуката за избор на претседавач на Собранието е прилог кон материјалите на оваа седница. Исто така истакна дека акционерот Богоја Китанчев по пат на писмена коресподенција до банката на ден 22.10.2021 година, заведено под број 02-24167/1 има доставено писмен предлог до Собранието на акционери за Претседавач на ова собрание да се избере Акционерот Донка Марковска и предлог за записничар на денешното Собрание на акционери да биде избрана Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието и за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери се предложени Наташа Чадиковска Поповска, Мила Божиновска, Андријана Бучковска и Елена Генчевска, сите вработени во Секретаријатот на НЛБ Банка АД Скопје, кој е прилог на овој записник.-----------------------

На ваквиот предлог акционерот Донка Марковска праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, Предлог-Одлука за избор на Претседавач на Собранието ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 744.535 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. -----------------------

Акционерот Донка Марковска констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на Претседавач н** **Собранието**, со содржина како Предлог-Одлуката односно **Претседавач на Собранието на акционери** согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва е избран **акционерот Донка Марковск** ул.Васил Стефановски број 30 Скопје, со пасош број C1144326; ЕМБГ 2708976455010 издаден од МВ Скопје на ден 10.12.2018 година.-----------------------

Претседавачот на собранието се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка 2 од Дневниот р **Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**.-----------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневен ред го истакна писмениот Предлог на акционе
Богоја Китанчев по пат на писмена коресподенција до Собранието на акционери од 22.10.2021 годи
заведено под број 02-24167/1 да за записничар кој ќе го води и изготви Записникот на оваа седница
Собранието да биде избрана Нотар Нада Палиќ од Скопје и за бројач на гласови на денешното Собрани
акционери да бидат избрани Наташа Чадиковска Поповска, Мила Божиновска, Андријана Бучковска и Ел
Генчевска, сите вработени во Секретаријатот на НЛБ Банка АД Скопје, па праша дали има некој забелеш
дали има друг предлог, па како никој немаше забелешки и друг предлог, Предлог-Одлука за избор
записничар и бројач на гласови на Собранието, ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на
записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 744.535 акции со право на глас, ПРОТИВ н
ВОЗДРЖАНИ нема. -----------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записнич** **бројач на гласови на Собранието**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------------------

Се премина на точка 3 од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за употреба на акумулирана дибовка на Банка АД Скопје за 2019 година и 2020 година.-----------------------

ОДУ.бр.645/21

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневен ред го истакна, согласно Законот за банки,
Собранието на Банката одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната
сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2020 година. Врз основа на Одлуката на акционерите за употреба и
распределба на остварената добивка од Годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година и 2020,
поради непредвидените услови предизвикани од КОВИД-19 пандемијата и Одлуката усвоена од страна на
Советот на Народната банка на 26.02.2021 со која беше предвидено привремено ограничување на
распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите на банките од реализираната добивка од 2019 и
2020 со цел да се надгради капиталот и ликвидносните резерви над минимално потребниот праг, дел од
остварената добивка на Банката за 2019 и за 2020 беше распределена во акумулирана добивка
расположлива за понатамошна распределба. Во април 2021, врз основа на редовната годишна проценка на
системски важни банки во Република Северна Македонија, од страна на Народната Банка на РСМ, НЛБ
Банка АД Скопје беше повторно рангирана како втора системски значајна банка во Република Северна
Македонија и беше зголемена стапката на заштитен капитал за системска значајност од 1,5% до 2%, што
доведе до зголемување на вкупното капитално барање од 15% на 15,5% кое треба да биде исполнето
започнувајќи од 31.03.2022 година. Согласно Политиката за управување со капиталот на НЛБ Банка АД
Скопје, банката ја следи политиката за интерен менаџмент додаток од 50 базни поени применети на вкупниот
регулаторен капитал, по која минималното ниво на капитална адекватност која е потребно да ја одржува
Банката (одредено и од апетитот за ризик на Банката) ќе биде зголемено на 16% започнувајќи од 31.03.2022
година. Во август 2021 година, Народната Банка на РСМ ја укина Одлуката за привремено ограничување на
распределбата и исплатата на дивиденда на акционерите на банките, дозволувајќи акционерите на банките
да одлучат за распределба на дивиденда. Во согласност во добрата ликвидност и финансиската состојба на
Банката во периодот по КОВИД-19, растот на кредитното портфолио во четвртиот квартал 2021 година
прviот квартал од 2022 година како и позитивните очекувања за иден развој на економската и финансиска
ситуација, се предлага распределба на акумулираната добивка, со содржина утврдена како во предло
одлуката, која е прилог кон материјалите за оваа седница и е прилог на овој записник, па праша дали не
бара збор по истата. За збор се јави акционерот Моме Веселиновски и упати честитки за остварени
резултати од работењето на Банката и праша што е со средствата што остануваат, дали истите ќе
пренесат за наредната година. Исто така Г-динот Веселиновски ја истакна разликата во нето висината
дивидендата што била исплатена во 2018 година и нето висината на дивидендата за 2019 и 2020 година
ова прашање Претседавачот на собранието одговори дека Собранието на акционери одлучува секоја го
колкав дел од остварената добивка за преходната година ќе распредели за дивиденда, согласно плано
на работењето на Банката за наредниот период и согласно регулаторните барања кои што треба д
исполнат. Во април 2021 година од страна на Народна Банка на РСМ е зголемено капиталното барањ
што Банката мора да го исполни и тоа бара задржување на дополнителни средства во резерви
Банката што практично ја намалува од масата на пари за исплата на дивиденда од претходните две г
Во однос на прашањето за наредната година истакна дека согласно дивидендната политика на Банк
предвидуваат исплати на дивиденда за акционерите и задржување на дел од добивката во статут
резерви на Банката кои што треба да го поткрепат растот и развојот на Банката и исполнува
капиталните барања. Согласно резултатите коишто ги оствари Банката кои се исклучително добри и с
објавени до 30.09.2021 година, може да се очекува истите да бидат и до крајот на 2021 година и се на
дека на наредното Собрание на акционери на пролет, акционерите ќе предложат одлука за распред
дивиденда и ќе ја изгласаат.Како никој друг не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-О
за употреба на акумулирана добивка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година и 2020 година, ја
гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека
Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 744.535 акции со право на глас, ПРОТ
ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за употреба на аку**
**добивка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година и 2020 година**, со содржина како
Одлуката.------------------------------------------------------------------------------

Се премина на <u>точка 4 од Дневниот ред</u> **Предлог – одлука** за распределба на дивиденда и утв
дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје.----------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно член 487 од Законот за трговски друштва одобрувањето на Одлуката за распределба на акумулираната добивка за распределба за 2019 година и 20 година, Собранието на акционери го определува делот кој што им се доделува на акционерите во форма дивиденда, според родот и класата на акциите. НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 оби акции. Секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции кои ги поседува. Согласно ч 36 од Правилата за котација на Македонска берза, во одлуката дополнително е утврден и последниот да на тргување со право на дивиденда, а тоа е 01.12.2021 година. Прв датум на тргување без право дивиденда е 02.12.2021 година. Датумот на евиденција според кој се определува списокот на акционери имаат право на делот од добивката наменет за дивиденда е 03.12.2021 година, потврдено од Изводо акционерската книга на банката. Исплатата на дивидендата ќе почне на 30-от ден од одржувањет Собранието на НЛБ Банка АД Скопје. Согласно Одлуката за употреба на акумулираната добивка за година и 2020 година, на акционерите им се исплатува дивиденда во износ утврден во предлог-одлуката е прилог на овој записник и е прилог кон материјалите за оваа седница, па праша дали некој бара збор. никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за распределба на дивиден утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје, ја стави на гласање на Собран Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногла усвоена. ЗА предлогот гласаа 744.535 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за распределба на диви и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Пр Одлуката.---

Поради исцрпување на дневниот ред, Претседавачот го заклучи Собранието на акционери на НЛБ АД Скопје во 13:24 часот (тринаесетчасотидваесетичетириминути).---

Овој записник лично го составив на пет страници на пет листа, го следев целокупниот тек на седни Собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а ко важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседав Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согла неговата содржина своерачно го потпишува.---

**Претседавач на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**---

______________________________ с.р.---

**Акционер Донка Марковска**---

При составување на записникот се издадени изводи еден за учесникот НЛБ Банка АД Скопј прилози кон оваа исправа, еден за Народна Банка на прилози кон оваа исправа и еден без прилози кон оваа исправа, а изворникот се чува во архивот на Нотаро Северна Македонија со сите прилози кон оваа исправа.---

Нотарска награда по член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,00* надоместок на трошоци по член 52 од Нотарската тарифа е пресметан во износ од *450,00* денари---

**ОДУ.бр.645/21**---Двеиљадитаидваесетипрва година, месец ноември, ден деветнаесети.---

Во Скопје 2021.11.19---

**НОТАР**

**НАДА ПАЛ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на град Скопје НОТАР НАДА ПАЛИЌ СКОПЈЕ

Јас НОТАР, НАДА ПАЛИЌ

ул. Пролет Бр. 35А Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени / преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 645/21

во Скопје. 19.11.2021 година НОТАР,

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основниот судови на градот
НОТАР
НАДА ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИК
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИК
СКОПЈЕ